| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимата ни доаѓа |
| **Содржина на денот** | Ликовна игра -Печатење на снешко |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето (физичко растојание често миење на раце итн). |
| **Активности** | Запознајте го детето со годишното време зима преку слики и сликовници.<br><br>Разгледајте ја сликата и разговарајте за тоа што гледате на неа. Задржете го вниманието на снегот и снегулките и запознајте ги со нивните каректеристики (снегулките паѓаат од облаците, тие се бели по боја и студени). Зборувајте за детските игри на снег и што се можеме да направиме од него. Потоа играјте игра со детето, испечатете снешко со сунѓер и темперна боја.<br><br>Потребни материјали: Сунѓер, хартија во боја, бела темперна боја, и други декоративни материјали кои ги имате дома. Направете кружни форми од сунѓер во разни димензии. Формите потопете ги во бела боја и печатете снешко на хартија во боја заедно со Вашето дете.<br><br>Откако ќе се исушат печатите, на нив дополнете очи, копчиња, шешир нос со фломастер или други декоративни материјали. Играјте ја оваа ликовна игра се додека има интерес кај Вашето дете. Овозможете му на детето да се радува дека и тоа беше дел од оваа активност. |